Република Македонија
Министерство за финансии

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ К-2-2012

## Р е з и м е

- Според проценетите податоци на Државниот завод за статистика, во К-2-2012 реалниот раст на БДП изнесува -0,9% на годишна основа. Сезонско прилагодениот квартален раст на БДП во К-2-2012 е позитивен и изнесува 0,2%;
- Според Анкетата на работна сила, бројот на вработени во К-2-2012 е повисок за 0,8% во однос на истиот квартал претходната година. Стапката на вработеност во К-2-2012 изнесува 38,8%, а стапката на невработеност е намалена на 31,2%;
- Стапката на инфлација во К-2-2012 забележа забавен раст од 2,1% во однос на истиот квартал 2011 година, мерена според Индексот на трошоците на живот;
- Просечната бруто плата во К-2-2012 изнесува 30.468 денари и забележа номинален пад од 0,5%, додека на реална основа истата забележа пад од 2,6%;
- Вкупните буџетски приходи во К-2-2012 се пониски за 2,5% споредено со истиот квартал од 2011 година, а вкупните буџетски расходи се пониски за 3,5%;
- Кредитната активност на банките во К-2-2012 година бележи стапка на раст од 2,5% на квартално ниво, во услови на зголемено кредитирање на корпоративниот сектор и на секторот за домаќинства.
- Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во јуни се намали за 8,3% во однос на март 2012 година;
- Во К-2-2012 забележана е контракција на извозот од 3,4% на годишно ниво (к/к-4), а увозот забележа раст од 5,3%, со што вкупната надворешно-трговска размена изразена во евра забележа раст од 1,8%;
- Трговската отвореност на РМ во К-2-2012 изнесува 108,8% и забележува стеснување во однос на истиот квартал од 2011 година за 2,7 п.п.

# 1. Макроекономски трендови и реален сектор

Според проценетите податоци на Државниот завод за статистика, во К-2-2012 **реалниот раст на БДП** изнесува -0,9% на годишна основа, по падот од 1,3% во К-1-2012. Ваквиот пад делумно се должи на релативно високата споредбена основа, односно економскиот раст од 3,7% забележан истиот квартал претходната година, но уште повеќе на намалената екстерна побарувачка што резултираше со пад на извозот и на индустриското производсво во земјата. Просечниот реален раст на БДП во првата половина од годината изнесува -1,1%.

**Номиналниот раст на БДП** во К-2-2012 изнесува -0,7% споредено со истиот квартал претходната година, што имплицира дека БДП дефлаторот изнесува 0,2%. Сезонско прилагодениот **квартален раст на БДП** во К2 е позитивен и изнесува 0,2%.

График 1.1. БДП по производен метод - придонес во раст;
Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС




Анализирано според **производната страна на БДП**, највисока реална стапка на раст во К-2-2012 е остварена во секторот Финансиски услуги од 3,8%. Секторот Земјоделство забележа раст од 2,4% по минималниот пад од 0,1% претходниот квартал. Секторот Јавна управа продолжува со умерен позитивен раст кој во К2 изнесува 2%. Во секторот Хотели и ресторани е забележан раст од 0,2% по високите стапки на раст остварени претходните квартали.

Забавениот раст во секторот Трговија во изминатиот квартал, во К-2-2012 премина во негативната зона и изнесува -2,2%. Во секторот Сообраќај, складирање и врски растот е негативен и изнесува -3%, како резултат на падот на индустриската активност. Секторот Градежништво во К2 забележа пад од 5,1%, што соодветсвува со падот на вредноста на извршени градежни работи. Ова во одреден дел е резултат на високата споредбена основа, со оглед дека истиот квартал претходната година беше остварен висок раст од 23,4%. Секторот Индустрија во К2 забележа пад од 6,9%, по падот од 9,6% во претходниот квартал, што коинцидира со влошената економска состојба на економијата на ЕУ во изминатите два квартали.

Намалувањето на стапката на **индустриското производство**[1] во К-2-2012, главно се должи на намалувањето на производството на кокс и рафинирани нафтени производи (84,4%), производството на електрична опрема (52,0%), производство на

[1] Пресметан врз основа на месечното соопштение Индекс на индустриското производство.

мебел (30,6%), производство на моторни возила (21,5%), производството на други неметални минерали (21,3%), производство на хартија (16,2%), производство на машини и уреди (14,7%), производство на облека (13,7%), вадење на други руди и камен (12,4%), вадење на јаглен на лигнит (8,8%), производство на хемикалии (8,2%), производство на метали (7,3), снабдување со електрична енергија, гас пареа и климатизација (3,9), печатење и продукција на снимени материјали (3,8%) и производство на текстил (3,5%). Од аспект на структурата на индексот на индустриското производство, кај 64,2% од гранките е забележан пад.

Од друга страна, раст е остварен кај: производство на фабрикувани метални производи (68,3%), производство на дрво и производи од дрво и плута (39,7%), производство на производи од гума (27,4%), производство на тутунски производи (19,7%), производство на фармацевтски производи (10,3%), производство на кожа (9,1%), вадење на руди на метал (5,3%), и производство на пијалаци (3,6%).

Анализирано според расходната страна на БДП, во К-2-2012 највисок раст е забележан кај бруто инвестициите, од 32,1%. Финалната потрошувачка во К2 забележа раст од 0,1%, што се должи на растот на личната потрошувачка од 1%, додека јавната потрошувачка забележа пад од 3,9%. Растот на личната потрошувачка, пред се, е придвижен од високиот раст на приватните трансфери, како и позитивниот раст на одобрените кредити на населението.

График 1.2. БДП по расходен метод - придонес во раст;
Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС




Падот на економската активност во земјите на ЕУ и соодветно на екстерната побарувачка резултираше со пад на извозот на стоки и услуги од 0,7% на реална основа. Од друга страна увозот на стоки и услуги забележа раст од 6,1%, како последица на растот на инвестициите и личната потрошувачка.

График 1.3. Број на вработени и стапка на невработеност; Извор: ДЗС



Според Анкетата на работна сила, бројот на вработени во К-2-2012 е повисок за 0,8% во однос на истиот квартал претходната година. Активното население во вториот квартал порасна за 0,7%, придружено со благо зголемување на бројот на невработени од 0,3% на годишна основа. Ваквите движења на пазарот на трудот предизвикаа стапката на невработеност во К-2-2012 да се намали на 31,2% од 31,3% во истиот квартал претходната година, односно за 0,4 п.п. споредено со претходниот квартал. Стапката на вработеност во К-2-2012 изнесува 38,8%, колку што изнесуваше истиот квартал претходната година, додека во однос на претходниот квартал е повисока за 0,2 п.п. Активното население во вториот квартал претставува 56,5% од вкупното работоспособно население.

## 2. Цени, трошоци и продуктивност

Стапката на инфлација, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-2-2012 изнесува 2,1% во однос на истиот квартал од 2011 година, што претставува забавен раст спредено со претходниот квартал (2,6%). Највисок раст на цените е забележан кај категоријата Домување од 5,4%, што се должи најмногу на порастот на цените за електричната енергија од 7,7%, како и на цените за греење кои забележаа иста стапка на раст. Во однос на претходниот квартал, растот на цените во категоријата Домување забележа забавување од 1,4 п.п.

График 2.1. Стапка на инфлација (к/к-4); Извор: ДЗС




Растот на цените во категоријата Исхрана продолжи да забавува и во К-2-2012 кога регистрираше раст од само 0,2%, наспроти растот од 1,4% во К-1-2012. Цените во категоријата Облека и обувки се зголемија за 4,2%, следени од растот на цените во категоријата Сообраќајни средства и услуги, кај кои се забележа раст од 3,7%, главно како резултат на зголемените цени за течни горива и масла. Во категоријата Ресторани и хотели цените се повисоки за 2,8%, додека во категориите Хигиена и здравје и Култура и разонода се забележа раст на цените од 2,5% и 1,3%, соодветно. Цените во категоријата Административни и финансиски услуги се намалија за 0,7%.

Базичната инфлација (која го исклучува ефектот на храната и енергијата) во К-2-2012 изнесува 1,7%, што е повисоко ниво за 0,4 п.п. споредено со базичната инфлација во претходниот квартал (1,3%).

**Цените на мало** во К-2-2012 забележаа забавен пораст од 2,7% споредено со истиот квартал од 2011 година. Најголем придонес во растот на цените на мало има категоријата Индустриски производи каде е забележан раст на цените од 4,3%, придонесувајќи со 2,3 п.п. во вкупниот раст на цените на мало. Во рамки на оваа категорија, највисок раст на цените е забележан кај непрехранбените производи од 6,1%. Прехранбените производи забележаа раст на цените од 1,5%. Малопродажната цена на пијалаците е зголемена за 0,8%. Малопродажните цени во категоријата Земјоделски производи забележа пад од 2,1%.

Просечната **нето плата** во К-2-2012 изнесува 20.754 денари и е пониска во однос на истиот квартал 2011 година за 0,5%, номинално. На реална основа нето платата бележи пад од 2,6%. Просечната **бруто плата** изнесува 30.468 денари и забележа номинален пад од 0,5%, додека на реална основа истата забележа пад од 2,6%.

Позитивниот годишен раст на бројот на вработени во К-2-2012 не беше проследен со раст и на економската активност, што резултираше со пад на **продуктивноста на трудот** за 1,8%, по падот од 0,4% во претходниот квартал. Имено, во К-2-2012 е забележан благ пораст на физичкиот капитал од 0,5%. Ваквите тенденции на факторите на растот предизвикаа **вкупната факторска продуктивност (ВФП)** да забележи намалување од 1,6% во К-2-2012, по падот од 0,7% во претходниот квартал. На Графикот 2.2 е прикажан трендот на ВФП и продуктивноста на трудот.

График 2.2. Раст на ВФП и продуктивноста на трудот;
Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС




## 3. Фискален сектор

Во вториот квартал од 2012 година беше забележано пониско остварување на буџетските приходи во однос на истиот квартал 2011 година, придружено со пониски буџетски расходи. Дефицитот на Буџетот изнесуваше 3.517 милиони денари во К-2-2012 или 3,0% од реализираниот БДП за овој квартал (дефицитот на Централниот буџет изнесуваше 3.158 милиони денари, односно 2,7% од БДП што е намалување за 0,6 п.п. од претходниот квартал).

И во вториот квартал од 2012 година продолжи да се води контрациклична фискална политика насочена кон ублажување на последиците од светската економска криза врз македонската економија и задржување на макроекономската

стабилност. Притоа, не беше загрозена фискалната одржливост на јавните финансии.

Вкупните **буџетски приходи** се пониски за 2,5% споредено со истиот квартал од 2011 година, што најмногу се должи на помалото остварување на даночните приходи за 4,2%, додека придонесите остварија зголемување од 2,2%, а истовремено неданочните приходи беа пониски за 15,4%. Притоа беше забележана значително пониска наплата кај данокот на додадена вредност и кај данокот на добивка, додека акцизите, персоналниот данок и царините остварија зголемување. Приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 48,9% од вкупните даночни приходи, во К-2-2012 се пониски за 10,3% споредено со истиот квартал 2011 година, односно пониски за 9,9 п.п. од остварувањето во претходниот квартал. Во исто време засилена е и динамиката на поврат на ДДВ за 3,7%. Приходите од акцизи се повисоки за 9,4% споредено со истиот квартал од 2011 година, Што претставува зголемување за 8,7 п.п. од остварувањето во првиот квартал. Во рамки на директните даноци, кај данокот на добивка е забележано намалување од 12,3% или 7,5 п.п. во однос на претходниот квартал (треба да се има предвид дека приходот за данок на исплатената дивиденда и друга распределба од добивката, учествува со значаен процент во структурата на овој данок). Приходите од персоналниот данок на доход беа повисоки за 1,6% во споредба со претходната година. Гледано од аспект на структурно учество во БДП, директните даноци, на годишна основа, го намалија своето учество во БДП за 0,1 п.п., додека кај индиректните даноци беше забележан пад од 0,3 п.п.

График 3.1. Буџетски приходи и расходи во К-2-2012;
Извор: МФ




Наплатата на социјалните придонеси беше повисока за 2,2%, при што зголемување на наплатата беше забележана кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско осигурување од 2,0%, кај придонесите за здравствено осигурување од 2,4%, а кај придонесите за вработување од 2,8%. Неданочните приходи, кои претставуваа 2,6% од вкупниот квартален БДП беа реализирани на пониско ниво за 15,4% во однос на истиот период од 2011 година.

Капиталните приходи во К-2-2012 на годишна основа беа повисоки за 8,1% ( во овие приходи спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, како и продажба на станови и приходи од дивиденди). Приходите по основ на донации се поголеми за 6,9%, споредено со К-2-2011.

Во К-2-2012 вкупните буџетски расходи беа пониски за 3,5% споредено со истиот квартал од 2011 година. Тековните расходи, кои претставуваа 90,4% од вкупните расходи, беа помали за 0,6% на годишна основа. Капиталните расходи учествуваа со 9,6% во вкупните расходи. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги беа намалени за 11,7%, додека расходите за плати и надоместоци беа со релативно умерен пад, односно забележано беше нивно намалување од 1,2% во однос на истиот квартал лани. Средствата за трансфери, кои учествуваа со 65,0% во вкупните расходи, беа повисоки за 0,7% на годишна основа, а учеството на категоријата "Други трансфери" во вкупните трансфери изнесуваше 30,5% (овде се вклучени трансферите кон локалната власт - блок и наменските дотации, како и други субвенции и трансфери). Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои учествуваа со 26,5% во вкупните расходи, беа извршени за 4,4% повеќе во однос на истиот квартал од 2011 година, односно повеќе за 1,3% споредено со К-1 2012 година. Расходите за каматни плаќања беа зголемени за 16,9%, при што расходите по камати на домашен долг забележаа пад од 21,8%, додека каматите за странскиот долг беа зголемени.

Фискалното оптоварување, мерено како утврден дел на буџетски приходи[2] во однос на номинален БДП, во К-2-2012 изнесуваше 25,5% и претставува намалување од 1,8 п.п. во однос на К-1-2012. Вкупните буџетски расходи претставуваа 33,1% од БДП, што е за 1,8 п.п. понизок остварен износ во однос на К-1-2012, односно на годишна основа намалување од 0,5%.

Вкупниот долг на централната влада на крајот на К-2-2012 изнесуваше 28,3% од БДП, што претставува зголемување од 2,2 п.п. во однос на К-1-2012 година. Учеството на надворешниот долг на централната влада во вкупниот долг на централната влада беше намалено за 4,8%, во однос на К-1-2012, додека учеството на внатрешниот долг на централната влада во вкупниот долг на централната влада беше зголемено за исто толку. Со тоа, учеството на внатрешниот долг на централната влада беше зголемено на 29,9% од вкупниот долг на централната влада. Ваквата состојба укажува дека дополнителното задолжување, што е неминовно за водење поекспанзивна фискална политика, било надворешно или внатрешно, не би ја загрозило фискалната одржливост, при што е неопходна координација со монетарната политика. Здравата фискална

График 3.2. Долг на централна влада и неговата структура; Извор: МФ




[2] Вклучува даночни приходи, социјални придонеси, административни такси и давачки и патарини

политика е еден од Мастришките критериуми за конвергенција, со поставени граници на 3% од БДП за буџетскиот дефицит и 60% од БДП за државниот долг.

## 4. Монетарно-финансиски движења

Во текот на вториот квартал на 2012 година, НБРМ изврши промени во поставеноста на монетарните инструменти и ја намали основната каматна стапка за 0,25 процентни поени, од 4% на 3,75%. Имено, Народната банка ги оцени остварувањата во првиот квартал од 2012 година како поволни, а исто така макроекономските проекции за наредниот период укажаа на релативно поволен амбиент за водење на монетарната политика, што создаде можност за монетарно олабавување за поддршка на домашната економска активност.

**Примарните пари**[3] во К-2-2012 забележаа раст на квартална основа од 7% во услови на раст на готовите пари во оптек и вкупната ликвидност на банките, од 5,1% и 8,4%, соодветно.

Во текот на вториот квартал на 2012 година најтесната парична маса **М1** забележа квартален раст од 3,1% во однос на К-1-2012, како резултат на растот на готовите пари во оптек и на депозитните пари, од 5,4% и 2,1%, соодветно. **Монетарниот агрегат М2**, во К-2-2012 регистрираше пад од 0,7%, додека најширокиот **монетарен агрегат М4** се зголеми за 0,3%, во однос на претходниот квартал.

**Вкупниот депозитен потенцијал**[4] на банките во вториот квартал од годината се намали за 0,1%, што се должи на падот на депозитите на приватните претпријатија од 7,5%, што беше резултат на повлекувањето средства од страна на една поголема компанија за исплата на дивиденда кон државата и странскиот инвеститор, но и на ослабената економска активност во земјава. Депозитите на домаќинствата забележаа раст од 2,2% во однос на претходниот квартал.

Од аспект на валутата, денарските депозити се зголемија за 0,6% на квартална основа, додека девизните се намалија за 1%, што имаше позитивен придонес во натамошното намалување на степенот на евроизација на 46,8% (од 47,2% во К-1-2012) мерен преку учеството

График 4.1. Кредити и кредитен раст и М4; Извор: НБРМ




[3] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари)
[4] Депозитите вклучуваат и пресметана камата

на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, краткорочните депозити во К-2-2012 забележаа пад од 2,4% во однос на претходниот квартал, додека растот на долгорочните депозити забрза на 6,5% (5,3% во К-1-2012).

**Кредитната активност на банките кон недржавниот сектор,** во К-2-2012 година бележи стапка на раст од 2,5% на квартално ниво, во услови на зголемено кредитирање на корпоративниот сектор и на секторот за домаќинства. Доминантен придонес во растот на кредитната активност имаше зголеменото кредитирање на приватните претпријатија од 2,3%, додека растот на кредитите кон домаќинствата се интензивираше на 2,7% од претходните 0,8% во К-1-2012.

Од валутен аспект, кредитите во странска валута забележаа пад од 1,3% на квартално ниво (наспроти растот од 1% во К-1-2012). Денарските кредити регистрираа висок квартален раст од 4% во К-2-2012.

Според рочноста, долгорочните кредити и понатаму се главен двигател на новото кредитирање на квартална основа и истите се зголемија за 2,6%, во однос на К-1-2012, додека краткорочните кредити се зголемија за 3% на квартална основа.




Во вториот квартал од 2012 година, НБРМ ја намали **основната каматна стапка** за 0,25 п.п., на ниво од 3,75%. Каматните стапки на депозитните банки во К-2-2012 година забележаа одредени поместувања. Имено, каматната стапка на депозитните банки за денарските кредити се намали за 0,2 п.п. во однос на претходниот квартал и изнесува 8,5%. Со тоа продолжи трендот на намалување на оваа каматна стапка, кој започна на почетокот од 2010 година. Каматната стапка на девизните кредити, се намали од 7,2% на 7% на квартално ниво. Од друга страна каматните стапки на денарските и девизните депозити се намалија на квартална основа за 0,2 п.п. и 0,1 п.п. соодветно и изнесуваат 5,2% и 2,3%, соодветно.

Каматната стапка на ново одобрените денарски кредити е непроменета на квартално ниво и изнесува 7,9%, додека каматната стапка на ново одобрените девизни кредити бележи пораст од 0,1 п.п. и изнесува 6,8%. Каматната стапка на ново примените денарски депозити бележи пад од 0,2 п.п. во однос на К-1-2012 година и изнесува 3%, додека каматната стапка на ново примените девизни депозити е пониска за 0,1 п.п. и изнесува 0,7%.

На **пазарот на капитал** во вториот квартал од годината се забележа раст на прометот остварен преку класично тргување од 3,1% во однос на К-1-2012. Сепак како резултат на понискиот износ на блок трансакции, вкупниот промет регистрира пад на квартална основа од 15,7%. Споредено со истиот период минатата година, класичното тргување забележа пад од 9,8%.



График 4.3 Вкупен промет на берза и МБИ 10; Извор: Македонска берза

Македонскиот берзански индекс МБИ-10, како агрегатен показател на берзанските движења, се намали за 8,3% во однос на март 2012 година, додека во однос на јуни 2011 година регистриран е пад од 28,4%.

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешно трговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика во К-2-2012 вкупната надворешно трговска размена со странство изнесува 2.103 милиони евра и бележи зголемување од 1,8% во однос на истиот квартал од 2011 година.

Во К-2-2012 **извозот** на стоки изнесува 796,3 милиони евра и во однос на истиот квартал од претходната година забележана е контракција од 3,4%, додека во однос на претходниот квартал е забележан раст од 11,2%.

Анализирано **по сектори на СМТК** (Стандардна меѓународна трговска класификација), позитивни движења во извозот во К-2-2012 во однос на истиот квартал од 2011 година се забележуваат кај:

- машини и транспортни уреди за 29,2% (во рамки на кои категоријата индустриски машини и делови порасна за 45,1% или 11,3 милиони евра);
- пијалоци и тутун за 15,3% (тутун за 53,3% или 9,0 милиони евра).

Од друга страна, негативни движења во извозот се забележуваат кај:

- минерални горива и мазива за 34,6% (во рамки на кои категоријата нафта и производи од нафта се намали за 33,4% или 21,9 милиони евра);
- производи класирани по материјалот за 5,2% (железо и челик за 4,3% или 8,4 милиони евра и изработки од метал за 35,8% или 4,5 милиони евра);

- производи за храна за 4,7% (овошје и зеленчук за 7,8% или 3,2 милиони евра и месо и преработки од месо за 19,8% или 2,5 милиони евра);
- хемиските производи за 2,0% (хемиски материи и производи за 5,3% или 5,2 милиони евра).

Во К-2-2012, гледано по **економска намена** најголемо учество во извозот имаат: стоките за индустриско производство (52,9%), потоа следуваат стоките за лична потрошувачка (31,5%), производите за инвестиции (9,5%) и енергијата (6,1%).

График 5.1. Надворешно трговска размена

Извор: ДЗС и пресметки на МФ




**Увозот на стоки** во К-2-2012 изнесува 1.306,8 милиони евра и претставува зголемување од 5,3% во однос на К-2-2011, додека во однос на претходниот квартал, растот изнесува 12,2%.

Анализирано **по сектори на СМТК**, најголемо позитивно придвижување на увозот во К-2-2012 во однос на К-2-2011 се забележува кај:

- производи класирани по материјалот за 17,7% (притоа се забележува зголемување кај категориите: обоени метали за 67,2% или 52,7 милиони евра; железо и челик за 21,3% или 14,9 милиони евра);
- суровини освен гориво за 36,3% притоа категоријата метална руда и метални отпадоци се зголеми за 55,3% или 24,5 милиони евра;
- производи за храна за 18,2% притоа категоријата жита и преработки од жита порасна за 66,5% или 10,5 милиони евра, додека категоријата месо и преработки од месо за 12,4% или 3,5 милиони евра;
- хемиски производи за 0,1% (што се должи на взаемниот ефект од зголемувањето кај категориите: производи за боење и штавење за 8,9% или 1,2 милиони евра; пластични материи во примарни форми за 6,7% или 1,3 милиони евра; пластични материи во останати форми за 6,6% или 1,1 милиони евра, додека значајно намалување има кај категоријата неоргански хемиски производи за 25,0% или 4,0 милиони евра);
- пијалоци и тутун за 0,8% притоа категоријата пијалоци се зголеми за 7,9% или 0,6 милиони евра.

Најголемо негативно придвижување на увозот се забележува кај:

- минерални горива и мазива за 5,1% пришто категоријата нафта и производи од нафта забележа пад од 13,6% или 23,4 милиони евра;
- машини и транспортни уреди за 11,2% (во рамки на кои категоријата електрични машини и делови за 23,7% или 12,1 милиони евра; друмски возила за 18,5% или 11,4 милиони евра; индустриски машини и делови за 8,0% или 3,1 милиони евра).

Гледано по економска намена во К-2-2012 најголемо учество во увозот имаат стоките за индустриско производство (47,9%), потоа следуваат: стоките за лична потрошувачка (22,5%), енергијата (16,1%) и производите за инвестиции (13,3%).

Во К-2-2012, надворешно трговската размена на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 27) е намалена за 4,6% во однос на К-2-2011, пришто учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена се зголемило за 2,4 п.п. во однос на вториот квартал од 2011 година и изнесува 60,3%, при што извозот на стоки учествува со 60,6%, а увозот на стоки со 60,1%.

График 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-2-2012

Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС




Како резултат на структурните промени во размената со странство, во К-2-2012, 74,8% од трговскиот дефицит на земјата е последица на дефицитот во размената со Грција, В.Британија, Индонезија, Турција и Кина, а остатокот од дефицитот е последица на размената со: Србија, Италија, Бугарија, Русија, Швајцарија и други. Суфицит во размената е остварен со Германија, Косово и Босна и Херцеговина.

## 5.2. Платен биланс

Според податоците на Народната Банка, во вториот квартал од 2012 година, на салдото на тековната сметка на билансот на плаќања беше регистриран дефицит од 80,2 милиони евра, кој е стеснет на годишно ниво за 30%. Стеснувањето се должи главно на зголемените приливи по основ на нето трансфери, како и поради намалениот негативен јаз на сметката на нето доходи. Од друга страна, при поголемо надолно приспособување на извозот од увозот, трговската сметка забележа проширување во однос на претходниот квартал, и дејствуваше во спротивна насока, намалувајќи го позитивниот ефект од зголемените трансфери.

Во вакви услови, салдото на тековната сметка оствари подобрување на годишна основа, но и подобрување во однос на претходниот квартал.

Во К-2-2012 негативно салдо на **тековната сметка** изнесуваше 4,3% од БДП и истото е повисоко за 34,4 милиони евра споредено со К-2-2011.

График 5.3. Анализа на тековната сметка; Извор: НБРМ




Стеснувањето на дефицитот се должи на порастот на нето-тековните трансфери, кои во К-2-2012 изнесуваа 404,6 милиони евра и пораснаа за 28% во однос на К-2-2011, како и на намалениот дефицит кај нето-доходите за 60% споредено со К-2 2011. Во спротивна насока пак делуваа намаленото салдо на услугите и продлабочувањето на трговскиот дефицит за 24,5% или за 91,9 милиони евра, во услови на поголемо надолно приспособување на извозот од увозот. Салдото на услугите во К-2-2012 изнесува 13,3 милиони евра, односно истот беше намалено за 43,4% во споредба со К-2-2011.

**Трговската отвореност** на РМ во К-2-2012 изнесува 108,8% и забележува стеснување во однос на истиот квартал од 2011 година за 2,7 п.п.

Во К-2-2012 трговското салдо (-24,8% од БДП), бележи умерено негативно поместување во однос на претходните четири квартала, а позитивно поместување во однос на првиот квартал од 2011 година (кога трговското салдо изнесувало -28,8% од БДП).

Нето - тековните трансфери во К-2-2012 изнесуваат 404,6 милиони евра и истите се повисоки за 88,4 милиони евра или за 28% во однос на К-2-2011. Порастот се должи на приватните трансфери кои пораснале за 32,4%, и учествуваат со 98,8% во вкупните нето трансфери. Приватните трансфери во К-2-2012 изнесуваат 399,6 милиони евра. Подетално анализирано, во приватните трансфери доминантно учество имаат другите трансфери (87,3%) кои пораснале за 37,8% и изнесуваат 348,9 мил.евра, додека дознаките од вработените пораснале за 4,5% споредено со К-2-2011 изнесуваат 50,7 милиони евра.

Споредено со претходниот квартал, нето - тековните трансфери пораснале за 22,3% или за 73,9 милиони евра, во најголем дел поради порастот на приватните трансфери од 21,9% или за 71,8 милиони евра.

Покриеноста на трговскиот дефицит со приватните трансфери во К-2-2012 година изнесува 85,7% и истата е зголемена на годишно ниво за 5 п.п..

**Капиталната и финансиската сметка** во К-2-2012 бележи суфицит и салдото изнесува 71,9 милиони евра, што е стеснување за 52,4 милиони евра во однос на К-2-2011. Финансиската сметка покажува дека во К-2-2012 реализирани се нето-директни инвестиции од 7 милиони евра, што е позитивно движење во однос на К-2-2011 кога бил остварен дефицит од 6,8 милиони евра. Во К-2-2012 година во месец април е забележан пад на директните инвестиции во Република Македонија, како резултат на реинвестираната добивка. Наспроти ова, во мај е регистриран највисок пораст на директните инвестиции од 31,3 милиони евра.

График 5.4. Официјални девизни резерви; Извор: НБРМ




На крајот на К-2-2012, бруто официјалните резерви изнесуваат 2.018,7 милиони евра и истите се повисоки за 10,2% во однос на К-2-2011. Доминантно учество во официјалните резерви имаат девизните резерви, односно хартиите од вредност со учество од (76%) или 1.538,7 милиони евра и валутите и депозитите со 206,6 милиони евра (10,2%), додека монетарното злато учествува со 13,5% или 272,2 милиони евра во вкупните официјални девизни резерви.

Извештајот го подготви

**Министерство за финансии**
**Сектор за макроекономска политика**

М-р Анита Поповска
Ана Николова
Ангела Васовска
Анета Дудеска
Копринка Сапунова
Нецати Куртиши

Контролирал:

**Д-р Сања Киковска - Георгиевска**

Одобрил:

**Јордан Трајковски**

Jordan.Trajkovski@finance.gov.mk

Скопје, октомври 2012 година